Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 520 www.mchamber.mk 03.03.2023

# ДОМАШНИТЕ ПЕКАРИ НАЈАВИЈА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА ДОКОЛКУ СЕ ЗАМРЗНЕ ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ



стр. 12



# ИНФРАСТРУКТУРАТА - ВРВЕН КОМОРСКИ ПРИОРИТЕТ

стр. 10

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ПРВА СЕДНИЦА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ОСИГУРИТЕЛНО-БРОКЕРСКИТЕ ДРУШТВА ВО 2023 ГОДИНА



Имаме искуство од неколку последователни кризи. Кога државата ќе си го земе механизмот во раце и ќе интервенира директно кај семејства, заобиколувајќи ги компаниите, Вие компаниите ги оставате на бришан простор. Тоа значи дека Вие не помагате преку нив да се реализира таа помош.

Не може да ги оставите компаниите само како бескраен извор на средства од кои само ќе земате. Бизнис секторот не ја злоупотреби кризата. Тоа се сепак луѓе кои зад себе држат цели семејства и обезбедуваат плати за вработените кои работата во фабриките и копаните.

Ние сме отворена економија која е директно зависна од европските случувања и нејасно е зошто државата има обврска кон граѓаните а кон компаниите кои го полнат буџетот односот е дека ќе се снајдат.

Кога се носат мерки, се седнува со чинителите, се ставаат аргументите на маса и се дебатира за можните очекувања. Ни смета кога ќе се каже дека Коморите биле консултирани, а ако консултацијата застане на ниво на информираност и нашите забелешки не се земаат во обзир, тоа значи дека не сме биле консултирани туку само сме биле информирани.

## Јовановски на Скопскиот Економски форум: Мораме конечно да излеземе од менталната матрица на постојано справување со кризи и да почнеме да размислуваме долгорочно за да му помогнеме на бизнис секторот




На бизнис секторот му е потребен амбиент за работа што нема постојано да се менува и затоа мораме да се договориме што ќе правиме и во рамки на државата да постигнеме консензус за долгорочните економски политики. За таа цел Стопанската Комора покрена иницијатива за Декларација на таа тема која би ја потпишале сите општествени чинители: политичките партии, образовни институции, секако и компании од приватниот бизнис сектор, истакна Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија на Економскиот форум, кој вчера се одржа во Скопје во организација на Делфи Економскиот Форум и Грчката бизнис асоцијација во Северна Македонија.

Јовановски, кој учествуваше на панел дискусијата „ Стратегии за одржување на економскиот раст во време на неизвесност", потенцираше дека ние како држава мораме конечно да излеземе од менталната матрица на постојано справување со некаква криза и да почнеме да размислуваме долгорочно. На тој начин, во еден поширок контекст, со преземање активности на повеќе пунктови, ќе ја зголемиме ефикасноста, продуктивноста и конкурентноста на македонската економија, а со тоа и нејзината резистентност на можни шокови во иднина.

„Треба да разбереме дека досегашниот бизнис модел на најголемиот дел од македонската економија се истроши. Тој генерално се потпираше на два столба на конкурентност: на користењето евтина работна сила и на користењето евтини енергенси. Тоа време заврши и мораме да се менуваме. Тоа значи драматично зголемување на квалитетот на образовниот систем во земјава. Максимално зголемување на енергетската ефикасност, на домашното производство на електрична енергија и на користењето на обновливи извори на енергија заради одржување на каква-таква ценовна конкурентност во однос на цената на електричната енергија. И секако, дигитализацијата и серија мерки во насока на зголемување на конкурентноста на економијата на сите нивоа, вклучително и на јавниот сектор и јавната администрација", нагласи Јовановски.

Во дискусијата на панелот Јовановски истакна и дека во услови на геополитички судири и војна на европска почва, помалите земји треба да го направат она што зависи од нив, а тоа е зголемување на регионалната соработка. За нашата економија

Грција може да биде движечката сила и промоторот во рамки на Европската Унија на евроинтеграциските заложби на Западниот Балкан, со што суштински ќе придонесе за стабилноста на регионот во кој живееме.

Во однос на инфлацијата Јовановски кажа дека таа нема да исчезне туку така, а неизвесноста околу економските изгледи за годинава за нашите најважни странски пазари ќе биде присутна и понатаму.

„Со тоа ќе остане неизвесно дали ќе се оствари проектираната стапка на економски раст на македонската економија. Треба да имаме предвид дека некои меѓународни институции веќе ја ревидираа проекцијата надолу. Во такви околности, кога не се знае дали ќе се оствари економскиот раст, ќе остане и предизвикот за јавните финансии, дали ќе се остварат планираните буџетски пригоди и што ако не се остварат", истакна Јовановски.

На панел сесијата учествуваа и министерот за финансии Фатмир Бесими и вицегувернерката на НБРСМ Ана Митреска.

# СО ИНВЕСТИЦИИ ВО ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ОДГОВОРНО РАБОТЕЊЕ ДОМАШНАТА РУДАРСКА ИНДУСТРИЈА ЌЕ ГО ДОБИЕ МЕСТОТО ВО ОПШТЕСТВОТО ШТО ГО ЗАСЛУЖУВА



Актуелните кризи со кои се соочува македонската економија не го заобиколија рударскиот сектор, но тој уште еднаш покажа дека е витална стопанска гранка која може да се соочи и со најтешките предизвици и притоа да продолжи со инвестициите и развојот, да испорачува сигурност, стабилност и поддршка за луѓето, за локалните заедници и за економијата на земјата. Ова меѓу другото во интервју за Исток прес го истакнува претседателот на МАР - Македонската асоцијација на рударството, Ивица Талевски. Во него тој се осврнува на значењето на овој сектор за локалните заедници и за националната економија, како и за потребата од стратешки пристап во одржливиот развој на оваа индустрија.

Талевски потсетува дека македонскиот рударски комплекс креира околу 8.000 работни места и е една од ретките домашни индустриски гранки која бележи суфицит во трговската размена со странство, која годишно надминува 200 милиони долари, од кои над 75% отпаѓа на извоз на метални руди. Придонесот на рударството во вкупните директни инвестиции во земјата исто така е значаен. На пример, во 2020 година, дури 30,7% од вкупните директни инвестиции кои пристигнале во земјата биле во рударството. Дополнително, во годините пред пандемијата и економската криза, учеството на рударството во вкупното индустриско производство надминало 11%. Ова се јасни показатели за значењето и придонесот на овој сектор за развојот на македонската економија.



Претседателот на МАР се осврна и на влијанието на високите цени на енергијата врз индустријата, кои во текот на минатата година предизвикаа привремено запирање на работните процеси во некои домашни рудници, а тоа пак значеше и пад на вкупнот обем на индустриско производство и извозот на земјата. Некои од предвидувањата укажуваат дека и во текот на оваа година цената на електричната енергија на отворениот пазар ќе остане висока.

„Доколку ваквите неповолни предвидувања се остварат, тогаш нашата држава треба сериозно да размисли како да им помогне на домашните индустриски капацитети, вклучувајќи го и рударството, за да можат да го одржат своето производство и својата конкурентност на странските пазари каде што извезуваат. Ова е особено значајно и заради фактот што странските компании од оваа индустрија веќе добиваат од своите држави значителна поддршка, најчесто во форма на субвенционирана цена за електричната енергија, што ги намалува нивните оперативни трошоци и им овозможува да пренасочат повеќе финансиски средства во капитални инвестиции за натамошна модернизација на своите рудници и во одржлив развој", вели Талевски.

Во однос на цените на металите, Талевски ги посочува проценките на меѓународните финансиски институции кои укажуваат на фактот дека најголемите светски индустриски земји во следниот период може да ја забават економската активност, па дури и да се соочат со рецесија. Тоа ќе има негативно влијае на побарувачката и на цената на металите на светските берзи, а тоа пак ќе се одрази на нивото на приходи и развојниот потенцијал на домашните рударски компании.

Во интервјуто, претседателот на МАР го нагласува и значењето на градењето поголема доверба кон рударската индустрија. Посочувајќи го примерот на развиените држави каде од поодамна е постигнат консензус дека концептот за одржлив развој, кој подеднакво води сметка за економската, социјалната и димензијата на животната средина, успешно може да се применува и во рударската индустрија, Талевски смета дека истото може се постигне и во нашата земја, доколку се исполнат неколку предуслови.

„Прво, треба да се дефинира долгорочната стратегија за развој на македонското рударство која треба да одговори на прашањето – какви се реалните потенцијали за развој на оваа гранка и на каков начин тие потенцијали може да се активираат. Второ, неопходно е да се воспостави ефикасен систем со кој ќе се осигура дека сите деловни субјекти во оваа индустрија, од најмали до најголеми, доследно и одговорно ги почитуваат стандардите и прописите во сите области кои имаат значење за одржливиот развој на рударството и трето, да се работи на градењето доверба и ефективна соработка со сите засегнати страни од кои зависи успехот на рударството. Само на ваков начин, со посветена работа и исполнување на овие три основни задачи, домашната рударска индустрија ќе го добие место во општеството што ѝ припаѓа, што несомнено го заслужува како индустрија која има значаен придонес за економскиот развој на земјата, која инвестира во нови технологии, вработува и обезбедува егзистенција за луѓето во цели региони од земјата и која вложува во просперитетот на заедницата", дециден е претседателот на МАР.

Како добар пример за одговорна рударска компанија која ја има поставено одржливоста во фокусот на целокупна своја развојна стратегија, Талевски го посочува рудникот САСА кој во изминатите пет години инвестираше над 30 милиони долари во целокупна моернизација, како и дополнителни 25 милиони долари во новата капитална инвестициска програма, чија реализација е во тек и која треба да овозможи стабилно производство на САСА во наредните години, сигурност на работните места и нови можности за вработување на младите, зголемена безбедност и заштита на животната средина, како и дополнителни придобивки за локалната заедница и економскиот развој на земјата.

БИЗНИС ИНФО 9

# РУДНИКОТ „САСА“ – МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ЗАПОЧНА СО ОБУКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА СВОЈОТ ТЕХНИЧКИ КАДАР




Советот за развој на тренинг и на обуки при Стопанската комора, со поддршка на Бизнис центарот за тренинг и за обуки ДООЕЛ, Охрид, а на барање на компанијата Рудник „САСА“ – Македонска Каменица, започна со реализација на обуки за унапредување на знаењата на вработените во компаниите.

Секоја организација која е ориентирана кон промени и кон развој гради тимови, кои, преку обуки за унапредување на знаењата и на вештините, постигнуваат личен развој во функција на креирање нови организациски визии и на отворање патишта кон нивно остварување. Светот е динамичен и промените се случуваат секој ден, а компанијата ќе застарува ако не го следи трендот и ако храбро не ги примени промените во сопствениот организациски систем.

Прво нешто што гради компанијата е тим на интерни обучувачи или дисеминатори, кои ќе им ги пренесуваат на вработените своите новостекнати знаења и вештини, ќе ги менторираат и ќе ги охрабруваат за работа во променети околности. Ваквиот тим има три основни задачи:

- да го надминува јазот меѓу потребите на работното место и знаењата што ги поседуваат нововработените;
- да обезбедува континуитет во развивањето на вештините на вработените во контекст на новонастанатите технолошки процеси;
- да обезбедува преквалификации на кадарот, во насока на новите работни позиции што ги носат современото работење и развојната технологија.

Рудникот „САСА“ е компанија која работи со полн ентузијазам и која гради свои тимови, континуирано обучувајќи ги. Денеска компанијата започнува со програмата за тридневна обука „Обука за обучувачи“, која ќе ја посетува техничкиот кадар, а предавач и обучувач за програмата е д-р Соња Ристовска.

Програмата за обука се реализира низ 9 модули за стекнување знаења за дизајнирање обуки и материјали за обуки, како и за развивање презентерски и фасилитаторски вештини за обучувач. Преку нив ќе обезбеди инспиративно-мотивирачки однос на вработените спрема потребата за учење како континуиран процес и за развивање компетенции за разбирање на вработените со различно однесување, за разбирање на нивните потреби и свесен однос спрема донесувањето решенија прифатливи за секого, како и за справување со несекојдневните ситуации.





# ИНФРАСТРУКТУРАТА - ВРВЕН КОМОРСКИ ПРИОРИТЕТ




Стопанството би бележело подобри резултати ако реализацијата и динамиката на инфраструктурните проекти се финализира во зацртаните временски рамки. Со ова сакаме да ја мотивираме Владата да стави поголем фокус на инфраструктурата на сите нивоа. Истовремено да се побара и поднесе одговорност за доцнењето, односно нерелизацијата на проектите кои се клучни за македонската економија, а стопанството премногу долго чека  на нивна целосна завршница, истакна д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, советник за инфраструктура и економски развој во Кабинетот на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија на денешната прес-конференција на тема: „Инфраструктура-врвен Коморски приоритет“.

Важен предуслов за економскиот развој на една земја е економската инфраструктура, која влијае врз деловните можности, но и врз вкупната привлечност на земјата за работа и инвестирање. Еве неколку проекти кои долги години стојат нереализирани: Железничката пруга кон Бугарија, Експресниот пат Ранковце-Крива Паланка, Експресниот пат Градско-Прилеп, Автопатот Кичево-Охрид, Железничката пругата



од Битола до Кременица, за која пред еден месец се објави од државата дека е завршена. Но за жал не се само овие проекти. Сите инфраструктурни проекти го заживуваат и градежништвото и другите пропратни гранки во државата и истите влијаат врз зголемувањето на БДП.

„Доцнењето на проектите од патната инфраструктура е нотирано и во последниот Извештај на Европската комисија за реформскиот напредок на државата, каде е наведено дека е потребно државава да го зајакне оперативниот и техничкиот капацитет на сите засегнати институции вклучени во развојот на Транс-европската транспортна мрежа (ТЕН-Т), а за бавната динамика предупредува и Државната ревизија. Добар план на државна инфраструктура и реализација на истиот во најкраток рок значи и големо доближување на земјата во рамките на ЕУ”, потенцираше Георгиева Јовевска.

ШТО Е ПОТРЕБНО?

1. Реализација на капиталните инвестиции

2. Одговорност за доцнење/ненавремена реализација на инфраструктурните проекти

3. Децентрализација за рамномерен развој

Комората бара државата да изгради Стратегија за инфраструктура која ќе биде поддржана од сите политички партии и другите засегнати страни и нуди помош во подготовка на анализа и детектирање на инфраструктурните проблеми во државата.

Во однос на потребата од децентрализација на надлежностите од централната на локалните власти Георгиева Јовевска истакна дека за стопанството од голема важност е да се забрза динамиката на децентрализација и да се заокружи процесот. Да се зголемат трансферите од централната кон локалната власт согласно потребата за развој на секоја општина со што ќе се овозможи подобрување на инфраструктурата и условите во сите индустриски зони за компаниите. Исклучително важно е општините да обезбедат можност за развој, од една, како и стабилност во своето финансиско работење од друга страна, за да бидат во можност навремено и во целост да ги извршуваат и своите финансиски обврски кон приватниот сектор.

Вложувањата во инфраструктурата се од витално значење за намалување на невработеноста и на сиромаштијата, за зголемување на конкурентноста на економијата, постигнување забрзан економски раст и порамномерен регионален развој.

# ДОМАШНИТЕ ПЕКАРИ НАЈАВИЈА ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА ДОКОЛКУ СЕ ЗАМРЗНЕ ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ



По најавите на министерот за економија дека како резултат на недоволно намалените цени на одредени прехранбени производи, пред сѐ на лебот, ќе донесе мерка за укинување на повластената цена на електричната енергија кај домашните производители, а, исто така, и за замрзнување на цената на белиот и на полубелиот леб на 33 денари во малопродажбата, производители на леб од државата одржаа состанок во Стопанската комора на Северна Македонија за да заземат одреден став за ваквите најави.

Домашните пекари и производители на леб се со став дека, по воведувањето на мерката за повластена цена на електричната енергија за прехранбената индустрија, сите компании ги намалија цените на овој производ, дури и повеќе отколку што таа процентуално учествува во конечната цена, а таквата мерка ДАДЕ ПОЗИТИВЕН ЕФЕКТ.



Со нејзиното носење се сопре зголемувањето на цената на лебот, а таа подоцна и се намали во согласност со ветувањето од производителите. Но, доколку Владата на РСМ ја донесе мерката која ја најавува изминатите денови – укинување на повластената тарифа за електрична енергија за домашните пекари и, пред сѐ, замрзнување на цената на белиот и на полубелиот леб – од истиот момент компаниите ќе ја стопираат својата работа, односно нема да произведуваат леб.

Како една од мерките што ги користеше оваа индустрија и порано, а која таа ја бара и сега, е враќањето на евтината струја во ноќните часови, кога сите пекари работат, со што истовремено се растоварува и мрежата за дистрибуција на електрична енергија.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација
# и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 14.03.2023**

# Семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА

Формите за заштита на работникот на работното место се пропишани во Законот за безбедност и здрваје при работа. Од содржината на одредбите на овој закон може да се извлече заклучок дека на полето на заштитата на вработените, пропишани се современи правни решенија. Проблемот на заштита при работа е огромен, бидејќи несреќите на работа се многу чести, а некои од нив имаат и фатален исход, односно завршуваат со смртен исход.

Работодавачот е должен веднаш по приемот на работникот на работа да му ги осигура потребните услови за заштита на работата, а со кои се осигуруваат заштитатана животот и здравјето на работникот. Всушност треба да му овозможи запознавање со прописите од заштита при работа, а воедно е должен да го оспособи работникот за работа на начин кој што осигурува целосна заштита на неговото здравје, се со цел да се спречи несреќа на работа. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Всушност, тоа е обезбедување на активна улога на вработените и менаџерите во процесот на идентификување на проблемите и дизајнирање на решенија.

За таа цел Стопанска Комора на Северна Македонија во соработка со Македонско здружение за заштита при работа, на 14 март 2023 година организира еднодневен семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА.

Семинарот ќе опфати елементи на теорија, практичен дел и студија на случаи.

Од страна на стручно лице за безбедност при работа ќе се побара одговор на следните прашања:

- Дефиниција на повреди на работа и професионални болести според законската регулатива и постапка за пријавување на повредите и несреќите при работа, известување за несреќа и повреда при работа, упатство за пријавување на несреќа и обрасци за известување до Државен инспекторат за труд.
- Услови за враќање на работа после повреда при работа, боледувања, извештаи од комисии, мислења и сл.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 14.03.2023**

# ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ ДАВАЧКИ – УПОТРЕБА НА ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14.03.2023 година, организира еднодневна онлајн-работилница на тема: „Оптимизација на царинските давачки – Употреба на посебни режими за намалување на непотребните трошоци (договори за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба)".

Во текот на работилницата ќе биде објаснет начинот како економските оператори може да ги оптимизираат царинските давачки преку употреба на разни царински и надворешно-трговски инструменти, како што се договорите за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба).

Учесниците ќе добијат практични совети во врска со употребата на онлајн алатки што се поврзани со начините за оптимизација на царинските давачки.

Предавач: д-р Златко Ветеровски, помошник директор Сектор за меѓународна соработка и европски интеграции во Царинската управа на Република Северна Македонија,

За сите учесници на семинарот ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија;
- е-сертификат за присуство на оналјн работилницата.

Сите заинтересирани за учество на оваа онлајн работилница можат да се пријават најдоцна до 10.3.2023 година.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 15.03.2023**

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И СООДВЕТНИ ПРАВИЛНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ЛЕКОВИТЕ, ВАЖНОСТА НА ПОСТАПКАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЛЕКОВИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 15 март 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Запознавање со законската регулатива и соодветни правилници од областа на лековите, важноста на постапката за регистрација на лекови и обезбедување на информации поврзани со лековите за примена во фармацевтската пракса, следење и пријавување на несакани реакции и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови “.

Запознавањето со законската регулатива и соодветните правилници како неопходен сегмент во работењето на здравствените работници е од особена важност за квалитетно и ефективно спроведување на сите постапки поврзани со лековите. Спроведувањето на регулативата при сите процеси на одобрување на лековите од нивната регистрација па се до употребата од крајниот корисник е од клучно значење за заштита на јавното здравје, како и потврдувањето на безбедноста и ефикасноста на лековите, во која здравствените работници и корисниците на лековите ( пациентите) ќе се чувствуваат сигурни за начинот, времетраењето, условите и ефикасноста при користењето на лековите, со што здравствените работници ќе можат максимално да се фокусираат на извршување на своите работни задачи и подобрување на целокупниот здравствен процес. Од таа причина, сосема оправдано, работодавачите треба да посветат посебно внимание на добро разбирање на нивните обврски во поглед на обезбедување на квалитетен кадар со соодветно познавање на регулативата, не само за да постигнат усогласеност со законот, туку многу поважно, за да осигураат дека преземени се сите чекори за обезбедување на квалитена, навремена и соодветна информавција за лековите во промет.

Токму во таа насока, цел на оваа работилница е да ги информира работодавачите и здравствените работници за нивните обврски во поглед на обезбедување на соодветна едукација за запознавање со регулативата од областа на лековите, следење и пријавување на несекани реакции, и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови, при што, ќе се разгледаат најчестите и најважните активности кои тие треба да ги преземат.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум 16.03.2023 - 17.03.2023**

# МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА „ГРАДЕЖНИШТВО, ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ДИЗАЈНОТ“ - 16-17.3.2023 во Шчечин, Полска

Со цел размена на знаење и искуства за најновите трендови во градежништвото и градежните материјали, соработка со странски партнери и проширување на нови пазари, Стопанската комора на РС Македонија, во соработка со Асоцијацијата за економски развој на Западна Померанија од Полска, во рамки на проектот Enterprise Europe Network, Ве поканувaaт да учествувате на Меѓународниот форумшто ќе се одржи на 16-17.3.2023 година, во Шчечин, Полска.

На деловните средби, на коишто ќе присуствуваат компании од целиот свет, учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

ГРАДЕЖНИШТВО - материјали, алати, машини, дизајн и услуги.
ЕНЕРГИЈА - конвенционална, зелена.
ДОМ - завршни материјали, внатрешна декорација вклучувајќи еколошки производ.
ОДРЖЛИВОСТ во градежништвото и дизајнот.

Поради својот хибриден формат, овој настан за вмрежување ќе биде насочен кон широк спектар на компании од Европа и пошироко, и доколку сакате да ја претставите вашата понуда, да пронајдете соодветен деловен партнер и како резултат на тоа да направите бизнис, бидете подготвени за голем број однапред договорени видео повици и состаноци со претприемачи. Рокот за онлајн пријавување и регистрација е до 13.3.2023 година, каде задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://budgryf2023.b2match.io/signup со што ќе можете да ги погледнете сите компании коишто се пријавени, програмата и сите останати релевантни информации во врска со настанот.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088